ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **20.01.2020 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Секретар на општина **Љубомир Младенов**, Раководител на Сектор за општи и правни работи ,финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски**, Раководител на Одделение за општи и правни работи **Јаготка Николовска,** Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска,** Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски,** Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска** и Виш соработник за локален економски развој, земјоделие и регионална соработка **Валентина Ангеловска**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум при што беа донесени следните заклучоци:

**<u>Секретар</u>**

Од страна на Секретарот на општината беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се проверат законските основи во случај на неформирање на зедниц на станари.

-Да се провери законската регулатива во областа на зеленило кој е надлежен за изготвување на планот и годишната програма за зеленило.

-Тековни активности.

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

-Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Тековни активности.

**Одделение за финансиски прашања**

- Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Тековни активности.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

- Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се провери можноста за посебна јавна набавка и да се вметне во Планот за јавни набавки за поставување на огради на постоечки мостови.

-Блаже Илиевски да излезе на увид на улица Баглачка спрема Бојанов Дол и да се провери дали е обележана трасата, а потоа ЈП Комуналец да изврши санација на патот.

-Да се проверат светилките по должината на велосипедската патека и ако има потреба да бидат заменети.

-По усвојувањето на планот за јавните набавки да се распишат јавните набавки предвидени за месец јануари, со акцент на крпење и одржување на локални патишта и улици, за механизација, за готов бетон и камени плочи.

-Тековни активности.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се пушти допис до ЈПДП во врска со изнаоѓање на локација за градежен шут.

-Да се поднесе барање до АКН за трансформација на земјиште за Метежево и Езерце

-Да се даде налог на фирмата ВИА СИГНАЛ со спецификација за поставување на вертикална сигнализација, а Биљана да направи увид и санација на постоечката сигнализација.

-Да се закаже Комисија за Урбанизам за наредната недела од 27 до 31.01.2020.

-Да се ревидира текстот за Монографијата за Крива Паланка од страна на Билјана Ц.Тасевска.

-Да се изнајде локација за Баскет игралиште и да се дадат предлог две локации до среда во тековната недела.

-Комисијата за увид на лице место да продолжи со тековни работи.

-Да се исконтактираат фирмите Филбис- Скопје и Простор Куманово околу задолженија од претходен колегиум.

-Тековни активности.

**Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија**

Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-За престојните повици преку Биро за регионален развој во соработка со Одделение за изградба и одржување да се види со кои проекти може да се аплицира.

-Лидија Митовска да обезбеди фотографии од г-дин Кристиан Тимоние, г-дин Самуел Жбогар ,Претседател на совет Изабела Павловска и Свето Ангеловски .

-Лилјана Стојановска во координација со Мартин Николовски да работат на објавата за повикот за грандови и невладини организации.

-За фолклорниот фестивал да се изготви писмо во кое ќе биде наведено дека фестивалот ќе трае од 24-25.08.2020 година (два дена), пристугнување на дена 23.08.2020 година, а заминување на 26.08.2020 година. Максимум број на учесници 25. После рокот нема да се прифатат пријавените учесници. За фестивалот да се поканат Жупања, Грос-Зимер покрај другите поканети.

-Тековни активности.

**Одделение за човечки ресурси**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се изготви решение за исплата на парична помош за Сашо Јакимовски

-Да се изготви измена за предлог на експропријација УП 03-729/1.

-Да се поднесе барање за распишување на јавна набавка за привремени вработувања по донесувањето на план за јавна набавка за 2020 година до крајот на овој месец.

-Да се изготват предлози за експропријација за патот во с.Голема Црцорија врз основа на анекс на елаборат.

-Да се направи согледување за формирање на совет на станари заедно со Раководителот на сектор Мартин Николовски.

-По доставувањето на податоци од страна на Јасминка Ангеловска во врска со Меморандумот за ОУД Боро Менков заедно со Секретарот на општината да се изготви актот.

-По одобрување/усогласување на Правилникот за систематизација со МИОА да се достави во хартиена форма за добивање согласност.

-Тековни активности.

**Одделение за правни и општи работи**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Во текот на денот да се пуштат материјалите за седница на совет која ќе се одржи на ден 27.01.2020 година.

-Во текот на неделата да се направи Планот за јабни набавки и да се распишат тековните по доставените барања.

-До 10 Февруари да се поднесе извештај до Градоначалникот на општината дали се има излезено на лице место по барање до Комисијата за иазлегување на лице место од страна на Раководителот на сектор за управување на градежно земјиште сопственост на СРМ.

-Тековни активности.

**Одделение за инспекциски надзор**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Зоран Павловски да изготви последна опомена до сопствениците на станови за формирање заедница на станари.

-Да се преземат мерки за сечење на непарковски и деградирани дрвја од зелената површина пред самата зграда на улица Херој Карпош и да се култивира земјиштето.

-Да се изврши сечење на дрвја во Бојанов дол по поднесено барање од граѓани.

-Комуналните редари да преземат одговорност и сериозна контрола на исчистената локација кај Пелагониска база.

-Тековни активности.

**ЈП Комуналец**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Во текот на неделата да се преземат мерки, направи увид за враќање на водоводот Вирови Грамаѓе во надлежност на ЈП Комуналец и преземање мерки за негово ставање во квалитетна функција.

-За сите останати превземени водоводи да се формира комисија од Комуналец која ќе изврши увид за да се види состојбата и да се изготви извештај за кои водоводи е потребна помош како што беше случајот за водоводите во с.Мождивњак и да се даде писмен извештај до 31.01.2020 година.

-Да се изврши чистење и порамнување на десната страна на речното корито на Крива Река од големиот мост од Бегови Бавчи кон фабрика Карпош.

-Да се изврши култивирање на зеленилото пред самата зграда на улица Херој Карпош како и затревување на косината над клучката на оваа локација.

-Да се изврши порамнување на депонија за градежен шут кај Пашина Воденица.

-Тековни активности.

**ЛУ Градски Музеј**

Од страна на директорот на ЛУ Градски музеј беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Изработка на проект за капитални инвестиции и да се достави до Министерство за култура.

-Да се подготви план за поставување на штанд со промотивни материјали за Крива Паланка и презентација на Бизнис секторот во Жупања за втора половина на февруари.

-Тековни активности.

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

-Од страна на сите Одделенија да се достави корекција на план за втор дел од годишен одмор за 2019 година.

**20.01.2020 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**